СТ-36/18

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Цветко Мариноски од Струга, поднесен преку полномошник адвокат Сашо Мечкароски, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за градежништво трговија услуги и промет со увоз-извоз ЦМГ-ДЕКОР ДООЕЛ Струга со седиште во Струга, вон рочиште, на ден 13.04.2018 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Према стечајниот должник Трговско друштво за градежништво трговија услуги и промет со увоз-извоз ЦМГ-ДЕКОР ДООЕЛ Струга со седиште во Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 6369340, даночен број 4026008503170, со трансакциска сметка број 240230000171231О при Универзална Инвестициона банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Стојче Чавкоски од Струга, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 08.05.2018 година во 09:15 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, канцеларија број 32.

На рочиштето се повикуваат предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник.

## Образложение

Предлагачот Цветко Мариноски од Струга, преку полномошник адвокат Сашо Мечкароски до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за градежништво трговија услуги и промет со увоз-извоз ЦМГ-ДЕКОР ДООЕЛ Струга со седиште во Струга.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:

* привремениот стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Централен регистар
* полномошникот на предлагачот
* должникот заедно со предлогот за поведување на стечајната постапка